ПЛАНИРАЊЕ ТЕМА 3

| Предмет: **Ликовно образование III (трето одд.)** | |
|---|---|
| Тема: **ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ** Вкупно часови: 5 (5 недели) Време за реализација: во текот на целата година | |
| Изготвила: Снежана Тренчева | од ООУ: „Никола Карев“ - Радовиш |
| Адаптирале: | од ОУ: |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење: (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање) | Користи и комбинира различни, подлоги, средства и материјали за обликување и градење.<br><br>Применува различни техники и постапки при создавањето облици и градби. | 1 | Учениците разгледуваат различни подлоги, средства и материјали за обликување и градење, преку илустрации и демонстрација од наставникот.<br>Учениците обликуваат на мотив „Слон и глушец“, со глина, глинамол и тесто, користејќи форма, облик и контраст. | - средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработка на сопствени заеднички творби. |
| | Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени. | 1 | Учениците изработуваат „ Робот“, од стари кутии и други готови форми, користејќи форма и големина. | - творечки неликовни материјали (стари кутии, чаши и др.). | |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ ТЕМА 3

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовен јазик во пластичното обликување и градење: (тридимензионална форма, простор, текстура, детаљи, движење, ритам, насока, споменик (скулптура, биста, фонтана, фигура), макета, композиција, детаљ, целина, текстура) | Обликува и гради тридимензионални форми.<br>Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција. | 1 | Учениците обликуваат на мотив „Дрво и или дрворед“, со глина, глинамол и тесто, користејќи форма и вертикална насока. При тоа создаваат облик или градба со користење на: простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција. | - средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработка на сопствени заеднички творби. |
| | Опишува различните скулптурни решенија и прави разлика помеѓу нив. | 1 | Учениците обликуваат на мотив „Човечки фигури“ (семјство), со глина, глинамол и тесто, користејќи форма, хармонија на големина. При тоа прават разлика помеѓу различните скулптурни решенија. | - средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали) | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Забележува облици, детаљи, текстури, линии кај уметнички дела и ги опишува користејќи го ликовниот јазик. | 1 | Учениците преку интернет се запознаваат со дела на познати автори за да ги увидат скулпторските решенија и на нив забележува облици, детаљи, текстури, линии...<br><br>Учениците посетуваат: музеи, споменици, скулптури, бисти, фонтани и други уметнички дела, на нив забележуваат облици, детали, текстури, линии и прават сопствена или заедничка естетска проценка. | - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД - плеер, ЛЦД проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, смарт табла, таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди).<br>- интернет, образовни софтвери. | |
| Оценување на наученото | | | - За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата на учениците во текот на наставата. Се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираност на учениците, посветеност во работата, индивидуална, тандемска и групна работа. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација со која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување).<br>- При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап за постигањата на секој ученик поединечно. На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка на постигнатите стандарди за оценување. | | |